**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 07.10.2017

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 4370 | 1 | |

Во 14:00

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: 4 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 7 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 76 став 4 од Изборниот законик** („Радиодифузерите не смеат да емитуваат платено политичко рекламирање во вести, посебни информативни програми, образовни и програми за деца, и во преноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани“).

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4 октомври 2017 година, на албански и македонски јазик, на државно ниво, **констатирано е прекршување на член 76 став 4 од Изборниот законик**. Радиодифузерот емитуваше платено политичко рекламирање во едно издание на посебната информативна програма „Клик Плус“ (дебатна емисија), емитувана на 4 октомври 2017 година.

На 4 октомври 2017 година, посебната информативна програма „Клик Плус“ се емитуваше во периодот од 21:36:20 до 22:52:34 часот. Платеното политичко рекламирање се емитуваше во периодот од 22:13:15 до 22:15:25 часот, за ДУИ и за Алијанса на Албанците.

**04.10.2017**

| **Период на емитување на посебната информативна програма „Клик Плус“ - 21:36:20 - 22:52:34** | | |
| --- | --- | --- |
| **Период на емитување на рекламирањето** | **Вкупно времетраење** | **Нарачател** |
| 22:13:15 - 22:14:13 | 00:00:58 | ДУИ |
| 22:14:13 - 22:14:21 | 00:00:08 | ДУИ |
| 22:14:21 - 22:14:42 | 00:00:21 | Алијанса на Албанците |
| 22:14:42 - 22:15:25 | 00:00:43 | ДУИ |

**7. Опис на прекршувањето:**

Спротивно на одредбите од член 76 став 4 од Изборниот законик, програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје, на 4 октомври 2017 година, емитуваше платено политичко рекламирање во посебна информативна програма (дебатна емисија).

**8. Предлог-мерка:**

Директорот на Агенцијата, согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) против програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје, да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд во рок од 48 часа по утврдувањето на прекршувањето на одредбите од Изборниот законик.

***Сектор за програмски работи***